28342

# Доделени наградите на ДЛУМ—81

Синоќа, во изложбените простории на Даут-пашиниот амам при Уметничката галерија во Скопје беше отворена традиционалната 36-та годишна изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија на која се презентирани над 200 слики, скулптури, графики, танисерии и цртежи од вкупно 120 членови на ДЛУМ.

На свеченото отворање на изложбата беа доделени и традиционалните награди на годишната изложба при што, наградата „Нерешки мајстори" им припадна на Коле Манев за сликарство и на Бранко Конески за скулптура; наградата на ДЛУМ за сликарство „Лазар Личеноски" му припадна на Кирил Ефремов, а наградата „Ликум" на Југословенската авторска агенција за СРМ им припадна на Васил Василев — за скулптура и на Илија Аризанов — за сликарство.

Т. Ш.

ВЕЧЕР, 5721.